Република Северна Македонија
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI SHTETËROR I ZGJEDHJEVE**

Бр./Nr. 08-1708/1
17.08. 2025
СКОПЈЕ / SHKUP

Врз основа на член 31 став (2) точка 2, а во врска со член 63 став (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 42/20, 74/21, 215/21 58/24 и 76/24, 116/24), и член 58 став 1 и 7 од Деловникот на Државната изборна комисија бр.01-2772/1 донесен на 30.12.2022 година, Државната изборна комисија на седницата одржана на 17.08.2025 година го донесе следниот

Në lidhje me nenin 31 paragrafin (2) pika 2), ndërsa në lidhje me nenin 63 paragrafin (2) të Kodit Zgjedhjor (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut, numër 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 42/20, 74/21, 215/21 58/24 dhe 76/24) dhe nenit 58 parafgrafit (1) dhe (7) të Rregullores së Komisionit Shtetëror të Zgjedhjeve nr. 01-2772/1, të miratuar më 30.12.2022, Komisioni Shtetëror i Zgjedhjeve, në seancën e mbajtur më 17.08.2025, e miratoi këtë

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА РЕГУЛИРАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА СОБИРАЊЕ ПОТПИСИ ЗА ПОДРШКА НА КАНДИДАТСКИ ЛИСТИ ПОДНЕСЕНИ ОД ГРУПА ИЗБИРАЧИ И НАЧИНОТ НА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НОТАРИТЕ, ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2025 ГОДИНА

# R R E G U L L O R E

## PËR RREGULLIMIN E PROCEDURËS PËR MBLEDHJEN E NËNSHKRIMEVE PËR PËRKRAHJE TË LISTAVE TË KANDIDATËVE, TË PARAQITURA NGA GRUP I ZGJEDHËSVE DHE MËNYRËS SË PËRCAKTIMIT TË NOTERËVE, PËR ZGJEDHJET LOKALE 2025

1. Право да поднесат листа на кандидати за членови на совет, односно листа на кандидат за градоначалник имаат регистрираните политички партии самостојно, коалиции, како и група избирачи (во натамошниот текст: подносител на листа).

2. Потписите на избирачите во постапката на кандидирање се собираат пред службените лица на Државната изборна комисија и пред надлежен нотар.

1. Të drejtën për të paraqitur listë të kandidatëve për anëtarë të këshillit, përkatësisht listë të kandidatit për kryetar të komunës, e kanë partitë politike në mënyrë të pavarur, koalicionet, si dhe grup i zgjedhësve (në tekstin e mëtejmë: paraqitës i listës).

2. Nënshkrimet e zgjedhësve në procedurën e kandidimit mblidhen pranë zyrtarëve të Komisionit Shtetëror të Zgjedhjeve dhe pranë noterit kompetent.



INTERCERT CERTIFIED ISO 9001 QMS

Потписите се собираат на Образец утврден од Државната изборна комисија, кој содржи име и презиме, постојано живеалиште, единствен матичен број на предложениот/ите кандидат/и како и име и презиме и единствен матичен број на избирачот кој го потпишува предлогот.
Обрасците на кои се собираат потписите се објавуваат на интернет страната на Државната изборна комисија (https://www.sec.mk/).
Називот на овие листи се означува со „група избирачи“ и
- името и презимето на предложениот кандидат односно
- името и презимето на првопредложениот кандидат – носителот на листата.

3. Собирањето потписи, во постапката на кандидирање согласно одредбите од Изборниот законик, започнува десеттиот ден од денот на распишувањето на изборите и трае 15 дена.
4 .Кога подносител на листа на кандидати за членови на совет, односно листа на кандидат за градоначалник е група избирачи, потребно е иницијативата за поднесување на предлог на кандидатската листа да ја потврдат пред подрачните одделенија или регионални канцеларии на Државната изборна комисија со важечки документ за лична идентификација, со адреса на живеење на соодветната општина за која се поднесува соодветната кандидатска листа и притоа за поддршка на истата на пропишан образец да бидат потпишани најмалку два избирачи.
Потписите за подршка на предлог кандидатските листи за кандидати за членови на совет, односно листа на кандидат за градоначалник се врши во временски период утврден согласно член 63 став 3 од Изборниот законик, во периодот на редовното работно време на подрачните одделенија и канцеларии од 8:30 до 16:30 часот.

Nën shkrimet mblidhen në formularin e përcaktuar nga Komisioni Shtetëror i Zgjedhjeve, i cili përmban emrin dhe mbiemrin, vendbanimin e përhershëm, numrin e vetëm amë të kandidatit/ëve të propozuar, si dhe emrin, mbiemrin dhe numrin e vetëm amë të zgjedhësit, i cili e nënshkruan propozimin.
Formularët, në të cilët mblidhen nënshkrimet, janë të publikuar në ueb faqen e Komisionit Shtetëror të Zgjedhjeve (https://www.sec.mk/).

Titulli i këtyre listave shënohet me “grup i zgjedhësve” dhe
- emrin dhe mbiemrin e kandidtatit të parë të propozuar – bartësit të listës.
- emrin dhe mbiemrin e kandidtatit të parë të propozuar – bartësit të listës.

3. Mbledhja e nënshkrimeve, në procedurën e kandidimit, sipas dispozitave të Kodit Zgjedhor fillon në ditën e dhjetë nga dita e shpalljes së zgjedhjeve dhe zgjat 15 ditë.

4. Kur paraqitës i listës së kandidatëve për anëtarë të këshillit, respektivisht i listës së kandidatit për kryetar komune, është një grup zgjedhësish, është e nevojshme që iniciativa për paraqitjen e listës së kandidatëve të konfirmohet para njësive rajonale ose zyrave rajonale të Komisionit Shtetëror të Zgjedhjeve me dokument të vlefshëm për identifikim personal, me adresë banimi në komunën përkatëse për të cilën paraqitet lista e kandidatëve dhe, për mbështetje të saj në formularin e përcaktuar, të jenë nënshkruar së paku dy zgjedhës.

Mbledhja e nënshkrimeve për përkrahje të propozim-listave të kandidatëve për anëtarë të këshillave, përkatësisht listave për kryetar komune bëhet në periudhë të përcaktuar në pajtim me nenin 63 paragrafin (3) të Kodit Zgjedhor, në periudhën e orarit të rregullt të punës, në seksionet dhe zyrat rajonale, nga ora 8:30 deri në orën 16:30.

5. Потписите за подршка на предлог кандидатските листи во постапката за кандидирање може да се собираат и пред нотар. Доколку потписите се собираат пред нотар, подносителот на листа определува пред кои нотари ќе се собираат потписи и за тоа ја известува Државната изборна комисија.

Подносителот на листата може да определи нотари чие седиште се наоѓа на територијата на општината, за која се поднесува листата на кандидат/и.

Државната изборна комисија на својата интернет страна ја објавува листата на нотари пред кои подносителот на листата собира потписи.

5. Nënshkrimet në procedurën e kandidimit mund të mblidhen edhe para noterit. Nëse nënshkrimet mblidhen para noterit, parashtruesi i listës përcakton se para cilëve noterë do të mblidhen nënshkrimet dhe për këtë e njofton Komisionin Shtetëror të Zgjedhjeve.

Parashtruesi i listës mund të përcaktojë noterë, selia e të cilëve ndodhet në territorin e komunës, për të cilën parashtrohet lista e kandidat-it/ëve.

Komisioni Shtetëror i Zgjedhjeve, në ueb faqen e vet e publikon listën e noterëve, pranë të cilëve paraqitësi i listës mbledh nënshkrime.

6. Трошоците направени во постапка за потврдување на предлог кандидатските листи со потписи на избирачи пред нотар ги сноси подносителот на листата.

6. Shpenzimet që janë bërë në procedurën për vërtetimin e propozim-listave të kandidatëve me nënshkrime të zgjedhësve pranë noterit i mbulon paraqitësi i listës.

7. Секој избирач може да се потпише за повеќе листи на кандидат.

Избирачите кои ја поднесуваат листата треба да имаат избирачко право и постојано живеалиште на подрачјето на општината.

7. Çdo zgjedhës mund ta japë nënshkrimin e tij për më tepër lista të kandidatëve.

Zgjedhësit që e paraqesin listën, duhet të kenë të drejtë vote dhe vendbanim të përhershëm në territorin e komunës, respektivisht të njësisë zgjedhore.

8. Секој подносител на листа на кандидат е должен сам да го изготви образецот на кој ќе се собираат потписите.

Отпечатените обрасци за собирање на потписи за поддршка на листа на кандидат/и од „група избирачи", подносителот на листата или лице овластено од него ги доставува до подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија и до нотарите каде ќе се собираат потписите.

8. Secili paraqitës i listës për kandidat e ka për detyrë që vet ta përpilojë formularin në të cilin do të mblidhen nënshkrimet.

Formularët e printuar për mbledhjen e nënshkrimeve për përkrahje të listës së kandidat-it/ëve nga "grup i zgjedhësve", paraqitësi i listës ose personi i autorizuar nga ai, i parashtron në seksionet dhe zyrat rajonale të Komisionit Shtetëror të Zgjedhjeve dhe noterët, tek të cilët do të mblidhen nënshkrimet.

9. За предавањето на обрасците се составува Записник за примање на листата/обрасците, кој се потпишува од страна на службеното лице односно нотарот и подносителот на

9. Për dorëzimin e formularëve, përpilohet Procesverbal për pranim të listës/formularëve, që nënshkruhet nga punonjësi zyrtar përkatësisht noteri dhe paraqitësi i listës,

листата односно лицето овластено од негова страна.

10. Потписите се собираат во службените просториите на подрачното одделение и канцеларија на Државната изборна комисија, пред службено лице вработено во Државната изборна комисија.

Кога потписи се собираат пред нотар, потписите се собираат во службените простории на нотарот, согласно правилата за депонирање на потписи.

11. Потпис за поддршка на листа на кандидат од „група избирачи" можат да дадат сите државјани на Република Северна Македонија кои:

- поседуваат важечки лични документи за идентификација (лична карта или пасош со адресни податоци во Република Северна Македонија) и
- се запишани во избирачкиот список во општината, за која се поднесува листата.

12. При собирањето на потписи, овластеното лице, односно нотарот го утврдува идентитетот на граѓанинот со непосреден увид во неговиот личен документ за идентификација (лична карта или пасош со адресни податоци во Република Северна Македонија).

При тоа овластеното лице односно нотарот проверува:

- дали личниот документ за идентификација е важечки на денот на давањето на потписот. Доколку се работи за важечки личен документ, дали лицето е запишано во избирачкиот список за општината за која е поднесена листата.

Овие податоци се проверуваат преку интернет страната на Државната изборна комисија, во делот „Избирачки список" со внесување на ЕМБГ од важечкиот личен документ на лицето кое сака да даде потпис.

По внесувањето на ЕМБГ, апликацијата дава податоци за тоа во кое избирачко место

përkatësisht personi i autorizuar nga paraqitësi.

10. Nënshkrimet mblidhen në hapësirat e seksioneve dhe zyrave rajonale të Komisionit Shtetëror të Zgjedhjeve, pranë personit zyrtar të punësuar në Komisionin Shtetëror të Zgjedhjeve.

Kur nënshkrimet mblidhen pranë noterit, ato mblidhen në hapësirat zyrtare të noterit, në pajtim me rregullat e deponimit të nënshkrimeve.

11. Nënshkrim për përkrahje të listës për kandidat nga "grup i zgjedhësve" mund të japin të gjithë shtetasit e Republikës së Maqedonisë së Veriut, të cilët:

- zotërojnë dokumente personale të vlefshme të identifikimit (letërnjoftim ose pasaportë me të dhënat e adresës në Republikën e Maqedonisë së Veriut) dhe
- janë të regjistruar në listën e zgjedhësve për komunat, përkatësisht njësinë zgjedhore për të cilën paraqitet lista.

12. Gjatë mbledhjes së nënshkrimeve, personi i autorizuar, përkatësisht noteri, e vërteton identitetin e qytetarit me kontroll të drejtpërdrejtë të dokumentit personal të identifikimit (letërnjoftim ose pasaportë me të dhënat e adresës në Republikën e Maqedonisë së Veriut).

Gjatë kësaj, personi i autorizuar, përkatësisht noteri kontrollon:

- nëse dokumenti i identifikimit personal është i vlefshëm në ditën e dhënies së nënshkrimit. Nëse është dokument personal i vlefshëm, a është personi i regjistruar në listën zgjedhore të komunës për të cilën është dorëzuar lista.

Këto të dhëna kontrollohen përmes faqes së internetit të Komisionit Shtetëror të Zgjedhjeve, në pjesën "Lista e Zgjedhësve" duke shënuar NVAQ-në nga dokumenti personal i vlefshëm i personit që dëshiron të japë nënshkrim.

Pas shënimit të NVAQ-së, aplikacioni paraqet të dhëna se në cilin vendvotim personi voton

лицето гласа, објектот каде е сместено гласачкото место како и во која општина припаѓа избирачкото место.

13. Само доколку избирачкото место припаѓа на општината, за која се поднесува листата, лицето може да се потпише во Образецот за собирање потписи.

14. Пред да му се дозволи на лицето да се потпише, се проверува и дали ова лице претходно е потпишано за истата листа на кандидат / и.

15. Едно лице може да даде потпис за повеќе листи на кандидат/и, но само еднаш може да се потпише за иста листа ка кандидат/и.

16. Овластеното лице во подрачното одделение и канцеларија на Државната изборна комисија, односно нотарот води евиденција на лицата кои дале потписи за поддршка за секоја листа пооделно, заради запазување на оваа законска одредба.

17. Подносителот на листата за која се собираат потписите може да определи овластен претставник и негов заменик кои ќе ја следат постапката за собирање на потписите.

18. За секое подрачно одделение или канцеларија односно нотар каде се собираат потписи, може да се определи овластен претставник и негов заменик, кои имаат право во секое време да извршат увид во дадените потписи за листата на кандидат за која се овластени.

19. По завршувањето на законскиот рок за собирање на потписи, односно на барање на подносителот на листата и пред истекот на законскиот рок, овластеното лице односно нотарот го заклучува образецот за собирање на потписи со назначување на вкупниот број на собрани потписи на крајот од образецот и истиот го потпишува и го заверува со ставање на печат на дното на сите страници од образецот.

dhe objektin ku ndodhet vendvotimi, si dhe cilës komunë i përket vendvotimi.

13. Vetëm nëse vendvotimi i përket komunës, për të cilën paraqitet lista, personi mund të nënshkruhet në Formularin për mbledhjen e nënshkrimeve.

14. Para se t'i lejohet personit që të nënshkruhet, kontrollohet edhe nëse personi konkret paraprakisht është nënshkruar për të njëjtën listë të kandidaturës.

15. Një person mund ta japë nënshkrimin për më tepër lista të kandidatëve, por vetëm një herë mund të nënshkruhet për të njëjtën listë të kandidatëve.

16. Personi i autorizuar, në seksionin dhe zyrën rajonale të Komisionit Shtetëror të Zgjedhjeve, përkatësisht te noteri, për secilën listë veçmas mban evidencë për personat që kanë dhënë nënshkrim për përkrahje, me qëllim të respektimit të kësaj dispozite ligjore.

17. Paraqitësi i listës për të cilën mblidhen nënshkrimet mund të përcaktojë një përfaqësues të autorizuar dhe zëvendës të përfaqësuesit, të cilët do ta monitorojnë procedurën e mbledhjes së nënshkrimeve.

18. Për secilin seksion ose zyrë rajonale, përkatësisht noter, tek të cilët mblidhen nënshkrime, mund të përcaktohet një përfaqësues i autorizuar dhe zëvendës i tij, të cilët kanë të drejtën që në çdo kohë t'i këqyrin nënshkrimet që janë dhënë për listën e kandidatit për të cilën ata janë të autorizuar.

19. Pas përfundimit të afatit ligjor për mbledhjen e nënshkrimeve, përkatësisht me kërkesë të paraqitësit të listës dhe para skadimit të afatit ligjor, personi i autorizuar, përkatësisht noteri e përmbyll formularin për mbledhjen e nënshkrimeve duke e shënuar numrin e përgjithshëm të nënshkrimeve të mbledhura në fund të formularit dhe atë e nënshkruan dhe e vërteton duke e vulosur në fundin e të gjitha faqeve të formularit.

20. Вака заверениот образец му го предава на подносителот на листата или на лице овластено од него. Овластувањето за преземање на образецот со собраните потписи мора да биде заверено пред надлежен нотар.

20. Formularin kështu të vërtetuar ia dorëzon paraqitësit të listës ose personit të autorizuar nga paraqitësi. Autorizimi për ta marrë formularin me nënshkrimet e mbledhura duhet të jetë i vërtetuar pranë noterit kompetent.

21. За предавањето на образецот со собрани потписи се составува записник, во кој задолжително се наведуваат податоците за овластеното лице односно нотарот пред кои се собрани потписите, за овластеното лице од подносителот на листата кој го подигнал образецот, називот на листата и вкупниот број на собрани потписи за листата. Копија од записникот се доставува и до Државната изборна комисија.

21. Për dorëzimin e formularit me nënshkrime të mbledhura përpilohet procesverbal, në të cilin detyrimisht shënohen të dhënat për personin e autorizuar, përkatësisht personin e autorizuar nga paraqitësi i listës, i cili i ka marrë formularin, titullin e listës dhe numrin e përgjithshëm të nënshkrimeve të mbledhura për listën. Një kopje e procesverbalit dërgohet edhe në Komisionin Shtetëror të Zgjedhjeve

22. Овластените подносители, листите на кандидат/и и прилогот обрасците со собраните потписи во оригинал, ги доставуваат до Државната изборна комисија односно до соодветната општинска изборна комисија или Изборната комисија на градот Скопје, во роковите определени со Роковникот на Државната изборна комисија за извршување на изборните дејствија за спроведување на изборите.

22. Parashtruesit e autorizuar, i dërgojnë listat e kandidatëve dhe shtojcat e formularëve me nënshkrimet e mbledhura në origjinal në Komisionin Shtetëror të Zgjedhjeve, përkatësisht në Komisionin Komunal Zgjedhor kompetent ose Komisionin Zgjedhor të Qytetit të Shkupit, në afatet e përcaktuara me Kalendarin e afateve të Komisionit Shtetëror të Zgjedhjeve për realizimin e veprimeve zgjedhore për zbatimin e zgjedhjeve.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА / KOMISIONI SHTETËROR I ZGJEDHJEVE**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ / KRYETAR**

**Борис Кондарко**

________________________